Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-141/3
25-03-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-141 од 24.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Битола, за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-141 од 24.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Битола **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 24.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола – [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа образложени повеќебројните дискриминаторски основи кои беа наведени, односно не беше наведено зошто подносителката смета дека е дискриминирана врз сите наведени основи, дополнително на фактот што истата истакнува наводи за мобинг и вознемирување на работното место, на 10.2.2025 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе конкретен дискриминаторски основ и ќе го поврзе несаканото постапување кое го наведува со претставката со истиот, дополнително на што беше побарано таа да наведе компаратор – лице со кое се наоѓа во споредлива ситуација во однос на кое смета дека потенцијалниот дискриминатор постпил понеповолно со нејзе врз наведените дискриминаторски основи.

Поради фактот што претставката за заштита од дискриминација беше доставена електронски, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација предметното барање за доуредување го испрати на наведената електронска адреса од која и беше испратена и самата претставка, со тоа што и по истекот на законскиот рок од 8 дена од приемот на истото, претставката не беше доуредена.

Подносителката на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и

заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]